Врз основа на член 63 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016) и член 30 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.10/2015), членот 150 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и членот 80 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, единица во состав на Универзитетот на „Св. Климент Охридски“ – Битола, Наставно-научниот Совет на Факултетот на седницата одржана на 02.03.2016 год. ја донесе следната

Република Македонија
Универзитет "Св. Климент Охридски"
Факултет за информатички
и комуникациски технологии
Бр. 02-128/20
02.03.16
Битола

# ОДЛУКА

## за рокот на студирање на студентите на старите студиски програми на додипломски и прв циклус студии

1. Студентите запишани на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи и на Технички факултет – Битола, пред и заклучно со учебната 2011/2012 год., кои согласно член 9 од Законот за основање на Факултет за информатички и комуникациски технологии („Сл. весник на РМ“ бр.187/2013) студиите ги продолжуваат на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, а кои не се префрлиле на новите соодветни студиски програми имаат право да ги завршат студиите заклучно со 14.09.2017 год. по студиската програма по која ги почнале студиите.
2. Студентите од точка 1 на оваа Одлука кои ќе ги завршат студиите до 14.09.2016 год. студираат во истата квота по која ги почнале студиите.
3. Студентите од точка 1 на оваа Одлука кои се запишале во државна квота и нема да ги завршат студиите во рокот утврден со точка 2 од оваа Одлука, од 15.10.2016 год. преминуваат во квота со кофинансирање на студиите од 400 евра во денарска противвредност за цела година, за 60 ЕК.
4. Исклучок од точка 3 се студентите кои студираат на четиригодишната студиска програма Европски интеграции и менаџмент на европски проекти.
5. Студентите од точка 1 на оваа Одлука можат:
    - 5.1. да посетуваат настава на запишаниот неположен предмет, доколку има таков предмет на новите студиски програми, или е еквивалентен со неположениот предмет;
    - 5.2. да следат настава менторски по предметот кај наставникот, односно кај предметната комисија;
    - 5.3. да полагаат испити и колоквиуми кај наставникот, односно предметната комисија, кои имаат обврска да организираат испити по предметите на кои наставата се реализира менторски, доколку постои сроден (еквивалентен) активен предмет.
6. Студентите кои нема да ги завршат студиите во рокот утврден во точка 1 од оваа Одлука го губат статусот на студенти.
7. Одлуката да се достави до: Студентски парламент на ФИКТ, службата за студентски прашања, веб страницата, Продеканот за настава и студентски прашања, архива на Факултетот, Секретарот и Администраторот и координаторите на ЕКТС.

Декан
Проф. д-р Пеце Митревски